РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-1230/1
17-03-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија“ бр. 12/19), член 40 став 2 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 29-тата седница одржана на 10.03.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Пријавата заведена под број 12-3078/1 од 24.11.2025 година, **СЕ ОТФРЛА**.

ДКСК утврди дека согласно со одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, нема елементи за надлежно постапување за предметниот случај од причина што предмет на пријавата е барање за постапување кое е во надлежност на друг државен орган.

Пријавата со број 12-3078/1 од 24.11.2025 година да се проследи на надлежно постапување до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Предметот број 12-3078/1 од 24.11.2025 година да се затвори и архивира.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

Од страна на познат подносител, на ден 24.11.2025 година до Државната комисија за спречување на корупцијата е поднесена пријава со наводи за незаконито и нетранспарентно постапување на -------- Скопје во врска со донесена одлука за отфрлање на кривична пријава, како и наводи за незаконско постапување на нотар по што е оформен предмет број 12-3078/1.

По разгледување на наводите и приложената документација, ДКСК констатира дека во конкретниот случај станува збор за прашања кои не се предмет на

нејзино надлежно постапување, туку се однесуваат на постапување од надлежност на друг орган.

Согласно Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, ДКСК нема овластување да врши оценка на законитоста и правилноста на поединечни акти и постапувања на други органи, освен во рамки утврдени со закон.

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК оцени дека нема законска надлежност за постапување во предметниот случај, поради што предметот ќе го достави на надлежно постапување до Јавното обвинителство на Република Северна Македонија.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

Претседател,

Адем Чучуљ

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Контролирал: м-р К.З., раководител на одделение
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил З.Б, член на ДКСК

Доставено до:
-подносителот на пријавата